Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 21-183/1
17-01-2022 20
Скопје/Shkup

**ЗАПИСНИК**
**од**
**21-та седница на**
**Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржана на 24.12.2021 година**

На 24.12.2021 година со почеток во 14:00 часот, а со цел почитување на мерките за безбедност и заштита од вирусот КОВИД-19, преку електронска врска, се одржа дваесет и првата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г. Бојан Маричиќ – министер за правда, г-а Даница Џонова - в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП - владин агент, г-а Елена Бодева – Министерство за надворешни работи, г. Миљазим Мустафа – член на Судскиот совет на РСМ, г. Александар Лазов – генерален секретар на Уставниот суд на РСМ, г-а Катерина Георгиевска – судија во Апелациониот суд Скопје, г. Тони Делев – судија во Апелациониот суд Штип, г. Петре Србиновски – претседател на Апелациониот суд Битола, г-а Виолета Илиевска – судија во Вишиот управен суд, г. Ацо Колевски – член на Советот на јавните обвинители, г-а Анита Тополова Исајловска – јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, г. Горан Давидовски – државен советник при Народниот правобранител, како и г-а Ана Фуна од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Своето отсуство од состанокот поради други службени обврски навремено го најави Врховниот суд.

Состанокот го отвори министерот за правда, г. Бојан Маричиќ, кој укажа на важноста на извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права ЕСЧП против Република Северна Македонија.

Дневниот ред беше усвоен без забелешки и дополнувања.

Состанокот продолжи со дискусија по точките од дневниот ред:

- **Стрезовски и други против Северна Македонија, А.бр.14460/16, 14958/16, 14962/16, 14966/16, 27884/16, 16064/17, 20229/17, 30206/17, пресуда од 27 февруари 2020 г.;**

Владиниот агент ги извести присутните дека неодамна согласно своите надлежности достави ажуриран акционен план до Комитетот на министри при Советот на Европа кој врши надзор врз извршувањето на пресудите на ЕСЧП, во кој е рефлектиран развојот на поновата домашната судска пракса во однос на слични предмети како на апликантите во предметната пресуда, која според анализите ги одразува ставовите на ЕСЧП изнесени во предметната пресуда, дури и во однос на предмети кои се однесуваат на примена на делови од Правилата за снабдување со топлинска енергија од 2019 година. Понатаму, ги извести присутните дека комуникацијата со Здружението на граѓани НО ПАСАРАН продолжи и во периодот по претходниот состанок на Меѓуресорската комисија на која Здружението исто така беше присутно во делот од седницата на која се дикутираше извршувањето на предметната пресуда на ЕСЧП, како и дека Здружението, имајќи предвид дека постапката за извршување на пресудите на ЕСЧП пред Комитетот на министри е

контрадикторна, има доставено до Комитетот на министри свои видувања по однос на мерките за извршување на предметната пресуда и дека во однос на дел од истите Бирото ги наведе своите причини во поднесениот ажуриран акционен план до Комитетот на министри, имајќи ги предвид ставовите дека нивните барања во основа далеку ги надминуваат барањата за извршување на пресудата на ЕСЧП, имајќи ги предвид причините поради кои истиот констатираше повреда на правото на сопственост. Во тој контекст Бирото за застапување ги извести присутните членови на Комисијата дека Здружението НО ПАСАРАН во последниот поднесок до Комитетот на министри изрази, меѓудругото, незадоволство од фактот дека државата нема поднесено ажуриран акционен план до Комитетот на министри. Поради ваквата околност Бирото ги забрза своите аквивности во насока на доставување на ажуриран акционен план до Комитетот на министри. Ова независно од фактот дека Здружението во комуникација со Бирото се обрати со барање да учествува во подготовката на ажурираниот акционен план, иако се чини дека таквата иницијатива од Здружението доаѓа со намера да влијае на мерките кои евентуално Бирото во името на државата би се обврзало да ги преземе за целите на извршување на пресудата, иако истото, се чини во повеќе наврати беше известено за очигледните разлики во однос на спорното прашање. Дополнително г-а Цонова ги извести присутните за доставените предлог мерки за извршување на предметната пресуда од страна на споменатото Здружение во е-маил комуникација со Бирото на 23 декември 2021 година, меѓудругото, со барање нивниот поднесок да биде проследен до сите членови на Комисијата, а воедно да се обезбеди нивно присуство на следната седница на Меѓуресорската комисија. Цонова ги извести присутните дека пред сè заради кратките рокови, а во светло на претходно веќе закажаната седница на Комисијата, го известила Здружението дека нивниот поднесок и пропратниот материјал ќе бидат проследени до членовите на Меѓуресорската комисија за следната седница, кога ќе биде рагледано и нивното барање за присуство на истата, како и дека веќе се ставила на располагање на Здружението за евентуална средба на која ќе се разгледаат и дискутираат нивните предлози.

Владиниот агент исто така ги информираше присутните за состанокот на Министерот за правда и Владиниот агент со директорот и преставници на Регулаторната комисија за енергетика кој се одржа на 17 декември 2021 година, на кој меѓудругото на Регулаторната комисија и беше предочен развојот на поновата домашната судска пракса.

- **Х против Република Македонија, А.бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019 г.;**

Владиниот агент потсети на причините поради кои е утврдена повреда во предметниот случај кој се однесува на признавање на родовиот идентитет на трансродови лица како и дека извршувањето на оваа пресуда е под зајакнат надзор од страна на Комитетот на министри. Г-а Цонова исто така потсети дека за целите на извршување на оваа пресуда се потребни измени на Законот за матична евиденција и дека истите, а подготвени во соработка со Советот на Европа и невладиниот сектор, се веќе доставени до Собранието на РСМ на усвојување. Сепак Цонова констатираше дека од расположливите информации во сферата на јавното се чини дека истиот е симнат од дневниот ред на надлежната собраниска комисија.

Дополнително, Владиниот агент ги информираше присутните дека по однос на ажурираниот акционен план доставен од страна на Бирото, Комитетот на министри на

својот последен состанок посветен на извршувањето на пресудите на ЕСЧП во 2021 година, одржан во текот на декември, усвои одлука со која ја охрабри државата да го усвои предложениот текст на измените на Законот за матична евиденција што поскоро и за тоа повратно да го информира Комитетот на министри најдоцна 1 март 2022, а пожелно заради запазување на работните процедури на Комитетот, до средината на февруари.

Г-а Цонова исто така ги информираше присутните за Тркалезната маса за правно признавање на родот во Северна Македонија која на 17 ноември 2021 година се одржа во Собранието на РСМ со поддршка на Советот на Европа, невладини организации и пратеничката г-а Морачанин, координаторка на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата.

На крај потсети на важноста на усвојување на предложените законски измени што поскоро со цел спречување на идни слични повреди на Конвенцијата и за целите на извршување на споменатата пресуда на ЕСЧП.

- **Трајковски и Чиповски против Северна Македонија, А.бр.53205/13 и 63320/13, пресуда од 13 февруари 2020 г.;**

Владиниот агент во однос на индивидуалните мерки за извршување на пресудата на ЕСЧП ги извести присутните за последната комуникација со надлежното јавно обвинителство и МВР, како и претходно преземените активности во оваа насока, во светло на што беше постигната согласност да им се препорача на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство во меѓусебна координација да најдат решение за спорните прашања ....[1].

Во однос на генералните мерки, Владиниот агент ги информираше присутните, дека согласно информациите со кои располага Бирото, МВР предложило измени на Законот за полиција во однос на спорните одредби за периодот на чување на ДНК податоци во збирките на МВР и дека истите се наоѓаат во собраниска процедура. Имајќи предвид дека истите се важни за процесот на извршување на предметната пресуда и соодветно адресирање и надминување на причините за утврдената повреда, Владиниот агент презеде обврска за ваквите случувања и содржината на измените кои се предлагаат да го извести Комитетот на министри пожелно уште во текот на јануари 2022 година.

- **Група на предмети Китановски против Република Македонија (Китановски против Република Македонија – водечки предмет А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 г., Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015 г, Аслани против Република Македонија, А.бр.24058/13, пресуда од 10 декември 2015 г., Андоновски против Република Македонија, А. бр. 24312/10, пресуда од 23 јули 2015 г., Илиевска против Република Македонија А.бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015 г., Трендафиловски против Република Северна Македонија, А.бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020 г., X и Y против Република Северна Македонија А.бр.**

---

[1] Овие делови се избришани во официјалната верзија на овој записник, кој се објавува и на интернет страницата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за целите на почитување на правилата за заштита на личните податоци на апликантот.

**173/17 пресуда од 5 ноември 2020 г. и Мемедов против Северна Македонија А.бр. 31016/17 од 24 јуни 2021 г.);**

Во однос на оваа група на предмети, Владиниот агент ги потсети присутните на причините поради кои е утврдена повреда на Конвенцијата во овие случаи, како и дека нивното извршување е ставено под зајакнат надзор на Комитетот на министри.

Во однос на индивидуалните мерки, г-а Цонова информираше дека во ажурираниот акционен план кој е во подготовка, Бирото ќе предложи затварање на надзорот над извршувањето за предметите во кои не е можно преземање на други мерки за ремедирање на состојбата на апликантите. Исто така информираше дека за предметите Трендафиловски против РСМ и X и Y против РСМ обвинителството презема мерки за спроведување на свежи истраги во кои ќе бидат надминати причините за утврдените повреди. Владиниот агент ги информираше присутните и за причините за повредата на Конвенцијата во случајот Мемедов против РСМ, каде Судот утврди повреда на чл. 14 (забрана за дискриминација) во врска чл. 3 (забрана за тортура) заради пропустот на домашните институции да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност. Бирото информираше дека согласно своите законски надлежности до ЈОРМ и до надлежните обвинителства има доставено препорака за спроведување на свежа истрага. Во светло на специфичните околности кога истрагата пред надлежните обвинителства (Основното и Вишото) која е предмет на оценка во пресудата на ЕСЧП, беше завршена уште пред донесување на пресудата на ЕСЧП, а и во светло на повратната комуникација од надлежното Основно и Вишо ЈО, по препораките упатени од страна на Бирото, присутните се согласија да се упати препорака до ЈОРМ и двете надлежни обвинителства да ги преземат потребните активности за спроведување на свежа истарга во случајот и за тоа да ја извести Комисијата повратно преку Бирото за застапување.

Во однос на генералните мерки кои државата ги презема за извршување на оваа група на предмети Владиниот агент посочи дека соодветните измени на Кривичниот законик со кој се симнува застареноста од кривичното дело ‘тортура и малтретирање во вршење на службата’ и се редефинираат овие кривични дела се доставени до Собранието на РСМ, меѓутоа сè уште не се усвоени, како и дека механизмот за надворешна контрола се соочува со проблеми во функцинирањето, како што е општо познато, особено во делот на Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола. Имено, и покрај препораката од претходниот состанок на Меѓуресорската комисија до Комисијата за прашања на изборите и именувањата, која треба да достави предлог за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството до Собранието, истата, согласно информациите со кои располага Бирото, сè уште го нема тоа направено. Претставникот од Народниот правобранител, г. Давидовски потврди дека согласно информациите со кои располага до Собранието сè уште не е доставен предлог за избор на претставниците од невладините организации.

Дополнително, Владиниот агент информираше и за дописот од Советот на Европа до Министерството за правда од 30 септември 2021 година, по средбата на Министерот со Генералениот директор за човекови права и владеење на правото на Советот на Европа. Во овој допис беа поздравени досегашните активности преземени во насока на воспоставување и функционирање на механизмот за надворешна контрола, меѓутоа меѓудругото беше посочена и потребата од избор на претставници од невладиниот сектор во Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола

со што би се овозможило негово соодветно функцинирање, како и потребата од разгледување на можноста за продолжување на мандатот од една година за овие претставници во Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола. На седницата на Комисијата беше посочено и дека за целите на извршување на овие предмети потребно е Министерството за правда и Народниот правобранител да ја разгледаат можноста и да предложат измени на постојните законски одредби во насока на продолжување на мандатот од една година на претставниците од невладиниот сектор во Народен правобранител – механизам за граѓанска контрола.

Присутните се согласија Комисијата да даде препорака до Комисијата за прашања на изборите и именувањата до Собранието на Република Северна Македонија да достави предлог за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за Народниот правобранител – механизам за граѓанска контролаво најитен можен рок.

- **Група на предмети Анастасов против Северна Македонија (Анастасов против Северна Македонија А.бр. 46082/14, пресуда од 26 септември 2019 г. - водечки предмет и Анев и Најдовски против Северна Македонија, А.бр. 17807/15, пресуда од 3 септември 2020 г.);**

Г-а Џонова ги потсети присутните за причините заради кои е утврдена повреда во предметните пресуди и дека потребните измени на Кривичниот закон веќе се изготвени и доставени до Собрнието на РСМ и ја посочи потребата од што е можно поскоро усвојување на истите.

- **Бајиќ против Северна Македонија, А.бр. 2833/13, пресуда од 10 јуни 2021 г.**;

Владиниот агент ги образложи причините поради кои во предметната пресуда ЕСЧП утврди повреда на членот 6 од ЕКЧП. Исто така ги информираше присутните дека, согласно своите надлежности, Бирото веќе е во комуникација со Врховниот суд во однос на индивидуалните и генералните мерки кои е потребно да бидат преземени за извршување на оваа пресуда.

- **Група на предмети Василкоски и други против Република Македонија (Василкоски и други против Република Македонија, А.бр. 28169/08, пресуда од 28 октомври 2010 г. - водечки предмет, Сејдији против Република Македонија, А.бр. 8784/11, пресуда од 7 јуни 2018 г. и Рамковски против Република Македонија, А.бр. 33566/11, пресуда од 8 февруари 2018 г.);**

Владиниот агент потсети дека причините за повреда на Конвенцијата во овие случаи се доведуваат во врска примарно со продолжувањето на мерката притвор. Посочи дека и покрај овие пресуди кои се сè уште под надзор на Комитетот на министри, постои низа на новодоставени предмети од страна на ЕСЧП на одговор до државата каде што се покренуваат скоро идентични прашања во врска со притворски предмети, како оние во однос на кои во досегашните пресуди е констатирана повреда на ЕКЧП. Без да се прејудицира исходот на овие предмети, тие се идиција за Комитетот на министри дека мерките кои ги презема државата за санирање на констатираните повреди не се доволни, а во услови кога некои од пресудите се во

процес на извршување повеќе од една деценија. Во светло на ваквите прилики, Џонова посочи дека Бирото преземе иницијатива пред Советот на Европа и неодамна беше одржан настан во Академијата за судии и јавни обвинители на кој се дискураа проблематични прашања во однос на мерката притвор. Од разговорите со обвинители и судии во рамките на овој настан, но и други форуми за дискусија, постои иницијатива за создавање на работни групи во рамките на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, или надвор од неа, на кои би анализирале различни аспекти на проблемот и би се побарале решенија. Се постигна согласност дека таквата идеја заслужува внимание, но дека во светло на околностите, оваа иницијатива треба да биде разгледан на следната седница на Меѓуресорската комисија.

- **Група на предмети Атанасов 2 против Република Македонија (Атанасов 2 против Република Македонија, А.бр. 41188/06, пресуда од 19 април 2011 г. - водечки предмет, Душко Ивановски против Република Македонија, А.бр. 10718/05, пресуда од 24 април 2014 г., Иљази против Република Македонија, А.бр. 56539/08, пресуда од 3 октомври 2013 г., Пападакис против Република Македонија, А.бр. 50254/07, пресуда од 26 февруари 2013 г., Трампевски против Република Македонија, А.бр. 4570/07, пресуда од 10 јули 2012 г., Смичковски против Република Македонија, А.бр. 15477/14, пресуда од 5 јули 2018 г., Асани против Република Македонија, А.бр. 27962/10, пресуда од 1 февруари 2018 г., Зибери против Северна Македонија, А.бр. 2166/15, пресуда од 6 јуни 2019 г., Бошкоски против Северна Македонија, А.бр. 71034/13, пресуда од 4 јуни 2020 г. и Јаневски против Северна Македонија А.бр. 30259/15, пресуда од 19 ноември 2020 г.);**

Г-а Џонова потсети дека за целите на извршување на оваа група на пресуди пред Комитетот на министри е веќе претходно преземена обврска за донесување соодветни законски измени на ЗКП. Сепак во светло на релевантните стандарди развиени во праксата на ЕСЧП, таа посочи дека за извршување на предметните пресуди потребна и промена на домаштната судска пракса, поради што на препорака од претходната седница на Комисијата, според расположливите информации во рамките на Врховниот суд се разгледува можноста за усвојување на заклучок или став со кој би се адресирале причините за утврдените повреди и би спречиле идни слични повреди на Концвенцијата, а во очекување на соодветни измени на ЗКП.

- **Проданов против Северна Македонија, А.бр. 73087/12, пресуда од 10 јуни 2021 г.;**

Владиниот агент информираше за причините за утврдената повреда на членот 6 од Конвенцијата, како и дека Бирото навремено поднесе акционен план до Комитетот на министри, во кој во однос на генералните мерки побара овој предмет да биде третиран како изолиран случај. Во однос на индивидуалните мерки посочи дека е побарано повторување на спорната постапка, и дека постапката по однос на ова барање е во тек.

- **Група на предмети Прволавна Охридска Архиепископија (Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) против Република Македонија (Православна Охридска Архиепископија (Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) против Република Македонија – водечки предмет, А.бр.**

**3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 г. и Бекташиска верска заедница и други А.бр. 48044/10 пресуда од 12 април 2018 г.);**

Во однос на овие пресуди, г-а Цонова ги информираше присутните за развојот на настаните по однос на индивидуалните мерки, односно за текот на повторените постапки врз основа на расположливите информации, при што Бирото истакна дека ќе прибира дополнителни информации во обид да го следи развојот на постапките, а за целите на информирање на надлежите во Советот на Европа. Присутните се согласија Комисијата да донесе препорака за приоритетно постапување во однос на повторената постапка по пресудата на ЕСЧП во случајот Бекташиската верска заедница против Република Македонија.

- **Група на предмети Митови против Република Македонија (Митови против Република Македонија, А.бр. 53565/13 пресуда од 16 април 2015 г. - водечки предмет и Олури против Северна Македонија, А.бр. 3368/18, пресуда од 16 јануари 2020 г.);**

Владиниот агент ги потсети присутните за причините за утврдените повреди на Конвенцијата во овие пресуди и информираше дека уште еден предмет за кој постапката е во тек пред ЕСЧП покренува слични наводи за повреда на ЕКЧП. Имајќи го ова предвид и фактот дека потребните измени на Законот за семејство и други комплементарни закони за адресирање на причините за утврдените повреди не се преземени, Бирото презеде активности во соработка со Советот на Европа при што беа изработени соодветни анализи за потребните активности во насока на извршување на оваа група на пресуди кои беа доставени до соодветните институции. Комисијата постигна согласност, во светло на фактот што законските измени се нужно неопходни, а во отсуство на соодветна реакција од Министерството за труд и социјална политика, како ресорно и најповикано, Меѓуресорската комисија да го задолжи Владиниот агент по изборот на нова влада преку Министерството за правда да достави информација до Владата и да предложи усвојување на заклучоци од страна на Владата со кои Министерството за труд и социјална политика, а по потреба и други институции ќе се задолжи/задолжат да преземе/ат итни чекори во насока на соодветни законски измени согласно препораките на Советот на Европа во соодветните анализи. Присутните се согласија со ваквиот предлог.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 21-та седница на Меѓуресорската комисија беа усвоени следните:

**Заклучоци и препораки од 21-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

1. **Х против Република Македонија, А.бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019 г.;**

Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието да дадат приоритет при разгледувањето и усвојувањето на предложените измени на Законот за матична евиденција доставени до Собранието на Република Северна Македонија. Се препорачува Собранието на Република Северна Македонија за оваа препорака на

Меѓуресорската комисија соодветно да ги извести надлежните комисии во Собранието. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието за преземените активности за спроведување на овие препораки да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година.

2. **Трајковски и Чиповски против Северна Македонија, А.бр.53205/13 и 63320/13, пресуда од 13 февруари 2020 г.;**

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРМ) и Министерството за внатрешни работи, во меѓусебна координација, да преземат активности за изнаоѓање на решение за спорните прашања за целите на извршување на пресудата на ЕСЧП и .... за преземените активности повратно да ја известат Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда -Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година.

2. ....[2]

3. **Група на предмети Китановски против Република Македонија (Китановски против Република Македонија – водечки предмет А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015 г., Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015 г., Аслани против Република Македонија, А.бр.24058/13, пресуда од 10 декември 2015 г., Андоновски против Република Македонија, А. бр. 24312/10, пресуда од 23 јули 2015 г., Илиевска против Република Македонија А.бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015 г., Трендафиловски против Северна Македонија, А.бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020 г., X и Y против Северна Македонија А.бр. 173/17 пресуда од 5 ноември 2020 г. и Мемедов против Северна Македонија А.бр. 31016/17 од 24 јуни 2021 г.);**

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да преземе активности во насока на отпочнување и спроведување на свежа истрага во случајот Мемедов против Северна Македонија А.бр. 31016/17 (јавно-обвинителските предмети кои се предмет на пресудата на ЕСЧП во Основното јавно обвинителство Скопје биле заведени под КО4 бр. 175/14, а во Вишото јавно обвинителство под КОЖ/1 бр. 518/19), во која ќе бидат надминати причините за утврдената повреда и ќе бидат соодветно рефлектирани наодите на ЕСЧП изразени во предметната пресуда и за преземените и планирани активности да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година

2. Се препорачува на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во најкус рок до Собранието на Република Северна Македонија да достави предлог

[2] Делови од овие препораки се избришани во официјалната верзија на овој записник, кој се објавува и на интернет страницата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за целите на почитување на правилата за заштита на личните податоци на апликантот.

за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола и за тоа да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година.

3. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието да дадат приоритет при разгледувањето и усвојувањето на предложените измени на Кривичниот законик доставени до Собранието на Република Северна Македонија. Се препорачува Собранието на Република Северна Македонија за оваа препорака на Меѓуресорската комисија соодветно да ги извести надлежните комисии во Собранието. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието за преземените активности за спроведување на овие препораки да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година.

4. **Група на предмети Анастасов против Северна Македонија (Анастасов против Северна Македонија А.бр. 46082/14, пресуда од 26 септември 2019 г. - водечки предмет и Анев и Најдовски против Северна Македонија, А.бр. 17807/15, пресуда од 3 септември 2020 г.);**

Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието да дадат приоритет при разгледувањето и усвојувањето на предложените измени на Кривичниот законик доставени до Собранието на Република Северна Македонија. Се препорачува Собранието на Република Северна Македонија за оваа препорака на Меѓуресорската комисија соодветно да ги извести надлежните комисии во Собранието. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и соодветно надлежните комисии во Собранието за преземените активности за спроведување на овие препораки да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП најдоцна до 30 јануари 2022 година.

5. **Група на предмети Прволавна Охридска Архиепископија (Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) против Република Македонија (Православна Охридска Архиепископија (Грко-Православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) против Република Македонија – водечки предмет, А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 г. и Бекташиска верска заедница и други против Република Македонија А.бр. 48044/10 пресуда од 12 април 2018 г.);**

Се препорачува на Основниот граѓански суд Скопје да даде приоритет на одлучувањето по предметот РСВЗРГ – 5/20, односно повторувањето на постапката по пресудата на ЕСЧП во случајот Бекташиската верска заедница против Република Македонија.

6. **Група на предмети Митови против Република Македонија (Митови против Република Македонија, А.бр. 53565/13 пресуда од 16 април 2015 г. - водечки предмет и Олури против Северна Македонија, А.бр. 3368/18, пресуда од 16 јануари 2020 г.);**

Се пропорачува Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, по изборот на нова влада, да изготви, а Министерството за правда да достави информација до Владата со која ќе предложи усвојување на заклучоци од страна на Владата со кои Министерството за труд и социјална политика и по потреба други институции ќе се задолжат да преземат итни чекори во насока на соодветни законски измени за целите на извршување на предметните пресуди и спречување на идни слични повреди на Конвенцијата, а согласно експерткиte препораки на Советот на Европа.

В.Д. Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП - Владин агент,
м-р Даница Џонова

Министер за правда,
м-р Бојан Маричиќ